Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредна состојба**

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/20) во членот 1 во ставот 2 по зборовите „(во натамошниот текст: банките и штедилниците)" се додаваат зборовите „и за одлучувањето за планот за зачувување на капиталот и за преземање мерки од страна на Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) кон банките и штедилниците".

**Член 2**

По членот 4 се додаваат два нови члена 4-а и 4-б кои гласат:

**„Член 4-а**

Народната банка нема да го одбие планот за зачувување на капиталот од членот 65-ж од Законот за банките доколку оцени дека истиот овозможува продолжување со кредитирањето на правните и физичките лица.

**Член 4-б**

При одлучувањето согласно членот 131 став 3 од Законот за банките, гувернерот се раководи и од ефектите што можат да ги имаат мерките од членот 131 став 2 од Законот за банките врз одржувањето на стабилноста на финансискиот систем во Република Северна Македонија."

**Член 3**

Во членот 5 по зборот „одредбите" се додаваат зборовите „од членовите 2, 3 и 4".

**Член 4**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.44-5291/1
10 јуни 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски